Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на ден од дневни настани 03.06.2020

На 03.06.2020 во 00.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје на бул. „Видое Смилески Бато" ги лишиле од слобода Г.П.(39) и Ж.Љ.(32), двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив биле пронајдени марихуана и пушачка материја. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.06.2020 во 17.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Винска" го лишиле од слобода И.М.(34) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.06.2020 во 20.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Владимир Полежановски" го лишиле од слобода И.Г.(23) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.06.2020 во 20.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Самоилова", при извршен преглед кај Е.А.(20) од Скопје, пронашле и одземе нож на расклопување. Тој беше привремено порано сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.06.2020 кај С.Радовска, стружко, полициски службеници од Полициска станица за Гранични надзор Франгово ја лишиле од слобода Н.Н., Бодајски при претрес во нејзиниот дом, извршен со наредба од јавен обвинител, биле пронајдени и одземени повеќе парчиња риба, за кои постои ентодоја сознание дека се предмет на кривичарење. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.06.2020 била пронајдена Е.Ј.(14) од Крива Паланка, за која на 29.05.2020 во Полициската станица Крива Паланка нејзиниот татко А.Ј.(45) од Крива Паланка пријавил дека се одделачила од домот.

На 03.06.2020 во 01.30 часот било пријавено дека на автопатот Св.Николе - Скопје, предк наплатна станица Миладиновци, патничко возило „ауди", со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.К.(58), застанало и Б.К. излегло од возилото. Во еден момент возилото се придвижило наназад и со задниот дел го притиснало Б.К. во банкината на патот, по што починал на месото на незгодата. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 02.06.2020 околу 13.15 часот било пријавено дека на ул.„Никола Ѓоровчанец" во Велес, на пресмност преку железничката пруга Велес - Градско, А.Б.(51) од Велес, управувајќи motor „шенерк хорт", со скопски регистарски ознаки, паднал на коловодот и се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата во Велес, каде бил пренесен за ужакување на лекарска помош. Бил извршен увид на месото на настанот.

На 02.06.2020 во 16.38 часот било пријавено дека во непосредна близина на железничка станица „Кривокал", при разминување на два товарни воза помеѓу два колоседи, товарниот воз кој сообраќал на релацијата Гевгелија-Скопје удрил во Е.О. од Авганистан. Притоа, Е.О. се здобил со повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза", каде бил пренесен за ужакување на лекарска помош. Извршен бил увид на месото на настанот од екипа од Полициската станица Неготино.

На 02.06.2020 во 13.00 часот било пријавено дека на ул.„Народен фронт" во Скопје се случила сообраќајна незгода во која патничко возило „форд фокус", со скопски регистарски ознаки, управувано од И.Г.(49) од Скопје удрило во велосипед, управуван од Р.С.(55) од Скопје. По незгодата Р.С. била пренесена во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" за ужакување на лекарска помош, каде ѝ биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид на месото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 02.05.2020 во 21.50 часот во Полициската станица Аеродром, Б.Ј.(64) од Скопје пријавил дека на бул.„Видое Смилевски Бато" бил каснат од куче скитник.

На 02.06.2020 во 20.00 часот во Полициската станица Куманово било пријавено дека околу 18.50 часот на патека на ул.„Лесковачка" во Куманово малолетник, кој бил заедно со неговата мајка М.М., бил каснат од куче кое било без заштитна корпа, сопственост на непознато лице. Малолетникот бил пренесен во Општата болница Куманово за ужакување на лекарска помош. Се работи на расчистување на случајот.

На 02.06.2020 во 22.30 часот во Полициската станица Горче Петров, Т.С.(41) Скопје пријавила дека на ул.„Кичевска" нејзината 14 - годишна керка била каснатa од куче скитник.

Во текот на 02.06.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се сеан возач затоа што управувал возило без да се стекне со санкција на управување на моторно возило и 46 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 02.06.2020 година полициските службеници од СВР Битола извршиле контрола на брзина, контрола за алкохол, техника исправност на возилото, користење сигурносен појас, зборување на мобилен телефон при управување возило, поседување на возачка дозвола. Притоа констатирани се седум нерегистрирани возила, четири возачи управуваше возила без возачка дозвола, пет возачи на алкохол управуваат три лица и тие се исклучени од сообраќај, фрзината ја надминале 13 возачи, сигурносен појас не користеле трија возачи, а двајца други зборуваа на мобилен телефон додека управуваше возилото. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

СВР Тетово на 02.06.2020 реализирале сообраќајно-контролни активности во Тетово, во чие средиште е паркирањето и управувањето без положен возачки испит. Притоа, биле откриени 18 непрописно паркирани возила, седум лица кои управуваше возила без валидни возачки дозволи, еден возач бил со важечка забрана и шест возила со истечена регистрација. На сите прекршатели им се изготвени соодветни поднесоци.

На 02.06.2020 околу 21.00 часот било пријавено во ОВР Кратово дека полициски службеници прават забава во С.Куклица, кратовско, при што не се почитувани мерките за заштита од Ковид-19. Веднаш се преземени мерки и известен е јавен обвинител, по чии наоѓани на месото излегле полициски службеници и на приватен имот во С.Куклица биле затекнати осум лица, од кои седум полициски службеници, кои не биле на должност. Тие биле лишени од слобода поради сомнение за сторено кривично дело по член 206 од кривичниот законик. Од страна на Одделот за внатрешна контрола при МВР и инспектори од соодветните организациони единици се работи на расчистување на случајот.

На 03.06.2020 околу 07.30 во тетовско Теарце, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Е.И.(35) од ова село, затоа што при претрес, извршен со судска наредба, во неговиот дом биле пронајдени метална дробилка и разлка. Е.И. бил приведен во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.06.2020 во 21.00 часот во СВР Тетово, С.Л.(35) од тетовско Желино пријавил дека непосредно пред тој во селото Желино биле непознати лица, кои по вербална расправија со него, му се закканиле со пиштол, по што со возило се одделачиле од местото. Се преземаат мерки за расчистување и документирање на случајот.

На 03.06.2020 година во 02.50 часот, полициски службеници од ОВР Радовиш ги лишиле од слобода Љ.Р.(29), Ѓ.К.(36) и Р.Т.(25), тројцата од С.Ракош, радовишко, поради тоа што попречувале службени лица во вршење службена дејност, оневоизмислајќи ги да извршат контрола во угостителско објект во Радовиш во врска со почитување на мерките за носење на лична заштита. Тие биле приведени во Полициската станица Радовиш и по целосно документирање на случајот против них ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 02.06.2020 во 17.22 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Костурски херои" настанал пожар во кој биле опожарен дел од дуќан, сопственост на А.А.(57) од Скопје. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 02.06.2020 во 12.50 часот во СВР Скопје, И.Д.(43) од Скопје пријавил дека околу 11.15 часот на семафорите на крстосницата од ул.„11 Октомври" и ул.„Филип Втор Македонски", додека бил во неговото возило, возач на друго возило преку отворен прозорец му упатил навредливо обраќање. Според пријавеното, откако се запалило зеленото светло пријавителот тргнал со возилото, по што другото возило го одминало и возело преку него, каде на крстосницата од ул.„Димитрија Чупровски" со ул.„Васил Главинов" повторно застанале на семафорите. Потоа, според пријавата, на крстосницата на бул. „Партизански одреди" со бул.„ВМРО", откако се вклучило зелено светло, возилото се обидело да го гази возилото на пријавителот и го напуштило местото на настанот. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.06.2020 во 00.49 часот во СВР Скопје, А.Ј.(56) од Скопје пријавил дека на 02.06.2020 околу 23.30 часот на бул.„8 Септември" неговиот 17 - годишен син, по претходна вербална расправија, бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 02.06.2020 околу 10.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека во работна канцеларија на СВР Тетово, полициски службеник Ш.С.(37), вршејќи проверка на службениот пиштол, испукал еден куршум кој завршил во подот пред влезната врата. Повредени лица нема. Во координација со Јавен обвинител се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.06.2020 во СВР Битола било пријавено дека во периодот од 06.00 до 18.10 часот во црквата „Св.Теодор" во С.Крклино, битолско, непознат сторител со употреба на сила влегол внатре и одзел свеќи и пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.06.2020 во 13.00 часот во Полициската станица Карпош, вработена во Јавна установа за грижа на деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение пријавила дека нивната штитеничка А.Б.(12) самоволно се одделачила од установата. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 02.06.2020 во 16.40 часот во Полициската станица Чаир, И.Ц.(36) од Скопје пријавила дека на ул.„Петар Манчуков" нејзината осумгодишна керка била каснатa од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани пријавила кривична пријава против 17-годишник од Виница, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службена дејствие". На 13.02.2020 на ул.„Тодорија Пауков" пријавениот со мотоцикл удрил полициска службеничка која извршувала службени дејствија, односно дала знак за запирање на мотоциклот.

На 02.06.2020, Г.М.(29) од кичевско село Зајас во полициска станица пријавил дека на ул.„4 Јули" во Кичево бил нападнат од кучe скитник во пределот на левата нога.

СВР Штип поднесе кривична пријава против М.Р.(43), С.Д.(33), М.М.(34), Е.М. (21) и С.М.(22), сите од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 10.05.2020 на ул.„Косовска" во Штип пријавителот се закканувале и навредувале полициски службеници кои вршеле службени дејствија, односно обебедување на патничко возило, кое претходно било запрено и било натоварено со огревни дрва.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Неготино поднесе кривична пријава против Р.Г.(28) од Неготино, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 25.05.2020 пријавениот во семејниот дом, под дејство на алкохол, физички и психички ги малтретирал своите родители.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против М.Т. (26) и Ж.Б. (56), двајцата од С.Русиново, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" и „употреба на исправа со невистинита содржина", притоа правно лице со седиште во С.Виштица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" и против М.А.(32) од С.Долно Сонье, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување". Преопријавениот, како управител на второпријавеното правно лице, отвако извршил увоз и царинење на автобус од Австрија во Р.С. Македонија, на име на второпријавениот, изготвил фалсификувана фактура за испонување на техничките барања на возило за увоз во Р.С.Македонија", со цел да обезбеди потврда за сообраќајот за единечно одобрение возило. Потврдата ја издал третопријавениот, вработен во фирма овластена за издавање на ваква потврди, како знаел дека возилото не ги исполнувало условите. После тоа, потврдата за сообраќајот со невистинити содржини, превпријавениот ја употребил пред Отсек за управни работи во Куманово, во прилог на барање за регистрација и врз основа на тоа било извршено регистрирање на автобусот и биле издадени македонски регистарски ознаки и македонска сообраќајна дозвола.
СВР Струмица и СВР Тетово поднесоа 24 кривични пријави против Т.Р.(56), Д.Р.(19), двајцата од С.Баница, Д.П.(39), Е.Б.(18), А.С.(33), тројцата од Штип, М.Т.(39), А.А.(30), К.Т.(47), С.А.(29), сите од Радовиш, С.М.(26) од С.Василево, Т.С.(55), Ѓ.Т.(55), З.Н.(18), А.Х.(19), К.А.(46), Б.Ф.(27), С.М. (25), сите од Струмица, Н.Ј.(41) од Неготино, С.М.(23) од С.Баница, струмичко, В.Ф.(30), М.Ф.(27), Б.Ш.(19), К.М.(32), А.Ш.(45), сите од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непоспитување спрегод здравствените прописи за време на епидемија". Приврзаните не се придржуваат кон воведената мерка за ограничено движење.

Сајт изработен од веб страницата на МВР е казнен по налог 251 од КЈ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје
Тел: +389 (02) 3 117 222 факс: (022)311268 е-пошта: kontakt@mvr.gov.mk
Изработено од Unet